Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 15.03.2022

На 14.03.2022 во 15.30 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода В.М.(29) и М.А.(42) од Кавадарци. При претрес во домот на В.М., извршен со судска наредба, во кој бил и М.А., кај М.А. биле пронајдени и одземени хероин, марихуана и вага. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.03.2022 на подрачје на Драчево, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.С.(45) и А.И.(35), двајцата од Скопје. При претрес во домот на А.С., извршен со судска наредба, а во кој бил затекнат и А.И., била пронајдена и одземена марихуана. По целосноста документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.03.2022 во 03.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.К.(25) од Република Србија затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.03.2022 околу 16.30 часот на улица „Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 47-годишниот Ш.С. од Неготино-полошко затоа што при преглед му бил пронајден хероин. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.03.2022, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода М.А.(31) од Велес затоа што кај него биле пронајдени и одземени хероин и амфетамин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.03.2022 во 13.00 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје запреле патничко моторно возило „мерцедес" со битолски регистарски ознаки, управувано од малолетник од Скопје. При преглед кај него бил пронајден пиштол „Екол туна мод 635". Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 14.03.2022 околу 18.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на улица „Никола Тесла" во Куманово, патничко моторно возило „ауди" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(19) од Куманово, удрило во В.Ц.(51) од Куманово. Во несреќата В.Ц. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Куманово. Екипа од СВР Куманово извршила увид на место на настанот.

На 14.03.2022 во 09.40 часот во СВР Тетово, 62-годишниот М.А. од тетовско Одри пријавил дека, изведувајќи градежни работи во стара воденица во селото, пронашол рачна бомба Ф-1, која била корозирана и која најверојатно потекнувала од Втората светска војна. Извршен бил увид, а експлозивното средство било подигнато и транспортирано до претставник на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 14.03.2022 во 14.00 часот на патот за с.Оревоец, прилепско, од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп пронашле огревни дрва без документи натоварени на две запрежни возила, кои ги управувале С.Ш.(27) и Е.А.(33) од Прилеп. Лицата биле приведени во полициска станица, а дрвата и возилата биле предадени на Шумска полиција Прилеп за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 52 прекршоци, од кои 36 во населено место и 16 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас и 4 за непропишано паркирање.

На 14.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 32 возачи, од кои 14 на територија на Ресен, 4 на територија на Битола, 6 санкции на територијата на Прилеп, 3 во Македонски брод и 5 во Демир Хисар.

На 14.03.2022 во 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Илинден, скопско, патничко моторно возило „хонда" со скопски регистарски ознаки управувано од Т.Г.(84) од с.Марино, скопско удрило во Р.С.(81) од населба Илинден. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.03.2022 во 09.00 часот во Полициската станица Аеродром, Е.А.(32) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 14.03.2022 во 12.30 часот во Полициската станица Центар, Б.Б.(35) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против А..И.(40) и О.И.(28), двајцата од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори". На 04.05.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на О.И., при што била пронајдена и одземена марихуана. Исто така, во домот кај О.И. бил затекнат и А.И. и кај него била пронајден аи одземена марихуана.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Б.К.(36) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лихварство". Во февруари 2021 година, пријавениот на М.Б. од Радовиш, му дал на заем 2.500 денари, при што договорил несразмерно висока камата од 100%, односно за две недели требало да му врати 5.000 денари. Откако не му биле вратени, пријавениот му се заканил на М.Б. и го принудил да му врати 11.000 денари.

На 14.03.2022 година околу 22.30 часот во ОВР Струга приведен е Б.Н.(41) од струшкото село Велешта. Приведувањето е извршено по решение од Основен суд Струга и определена мерка притвор во траење од 30 дена, по што тој е спроведен во Казнено - поправната установа Затвор - Охрид. Тој, на 25.02.2022 година околу 14 часот, по претходна вербална расправија со Б.А.(52) од Струга, во хотелски објект на улицата „Партизанска" во Струга пукал од огнено оружје.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ф.С.(18) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". Тој, на 21/22.01.2022 година во угостителски објект во Дебар пуштил во оптек лажни пари во апоени од по 500 и 1.000 денари.

На 12.03.2022 во 13.10 часот на Граничен премин Табановце, при преглед во автобус со македонска национална ознака, кај патниците С.Т.(22) од Тетово и А.С.(21) од Скопје пронашле и одаеле повеќе парчиња златен накит и друга вредна стока за која не поседувале документација. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (14 март) продолжија со континуираните контроли на возила кои вршат јавен превоз на ученици. Во овие контроли, реализирани во Тетово и Гостивар, откриени и санкционирани се 3 возила (ТЕ) без потребните документи и исто толку возачи (ГВ), кои ги управувале возилата без возачки дозволи. На сопствениците на возилата ќе им бидат изготвени поднесоци по член 284-А од Кривичниот законик, а возачите без возачки дозволи ќе се соочат со поднесоци по член 225 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

На 14.03.2022, при преземени мерки во сообраќајот, полициските службеници во Охрид извршиле контрола на 12 автобуси кои вршат јавен превоз на патници, при што не констатирале технички и други неисправности. Истовремено, затекнале и санкционирале 06 пешаци кои преминале коловоз на необележан пешачки премин. Во Струга регистрирани се и санкционирани 28 возачи кои управуваат моторно возило со брзина поголема од дозволената.

На 14.03.2022 во 17.00 часот во Полициска станица Аеродром, А.Т.(43) од Скопје пријавил дека околу 16.50 часот на паркинг просторот на подрачје на Аеродром бил физички нападнат со тврди предмети од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2022 во 21.40 часот во Полициската станица Драчево, Е.Н.(45) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот на ул.„Иван Хаџиниколов", во автобус две лица со закана од неговиот син одделе мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.03.2022 во 13.00 часот во СВР Скопје, 45-годишен жител на скопско село пријавил дека М.З. од скопско село извршил обљуба врз малолетната ќерка на пријавителот, со која претходно М.З. бил во врска. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2022 во 17.39 часот во Полициската канцеларија Пехчево било пријавено дека во Пехчево настанал пожар во куќа сопственост на Б.З.(1952), при што изгорел дел од кровната конструкција и горниот кат. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Берово. Увид бил извршен.

На 14.03.2022 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во водите на реката Вардар било забележано тело на машко лице. На кај „Димитар Влахов", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го извлекле телото од водата и било констатирано дека се работи за Ѓ.Г.(74) од Скопје. Смрт без траги на насилство констатирала екипа од итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 14.03.2022 било пријавено дека во 21.25 часот на делот од пругата помеѓу железничка станица Карпош и железничка станица Куманово, кај патниот премин кој води до с.Лопате, кумановско, неколку лица го каменувале патничкиот воз кој сообраќал на релација Табановце – Скопје. Притоа, биле направени оштетувања на возот, додека повредени патници и персонал нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет